тола, кои се наоѓаат на КП бр. 12899, КО Битола, запишани во Имотен лист бр. 32680, сопственост на Република Северна Македонија, и тоа:

- деловни простории бр.45, бр.46 и бр.56 со површина од 37,68 м2, кои се дел од вкупната површина од 210 м2, во зграда бр.1, намена на зграда В3-9, влез 1, кат К1, кои се наоѓаат на ул. „Ленинова" бр.39 во Битола и
- деловна посторија бр.58, со површина од 70 м2, која е дел од вкупната површина од 282 м2, во зграда бр.2, намена на зграда В3-10, влез 1, кат К1, број 1, која се наоѓа на ул.„Климент Охридски" бр.27 во Битола.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат без надомест на времено користење за период од шест години од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 50-1833/4 | Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, |
| 18 февруари 2025 година | **Љупчо Димовски,** с.р. |
| Скопје | |

**872.**

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.77/21, 215/21, 295/21, 150/22 и 16/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 февруари 2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈАТА НА МАЛО

Член 1

Со оваа одлука се определуваат највисоките цени во трговијата на големо и трговијата на мало на следните производи:

- бел и полубел леб, векна, индустриски тип од 350 г до 500 г (цел и на парчиња), со исклучок на свежо печен леб во маркетите;
- брашно пченично, тип 400 во пакување од 1 кг до 2 кг;
- брашно пченично, тип 500 во пакување од 1 кг до 2 кг;
- трајно кравјо млеко (освен органско млеко и млеко со додатоци) со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%, во пакување од 1 л;
- јогурт од кравјо млеко обичен, без додатоци, со масленост од 2,8% до 3,2%, во пакување од 1 кг и 1,5 кг;
- кисело кравјо млеко (обично, без додатоци) со масленост од 2,8% и 3,2 %, во пакување од 300 г до 500 г;
- свежи јајца од кокошка и
- масло за јадење од сончоглед.

Највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат на нивото на цените кои се применувале во трговијата на големо и трговијата на мало на 1 февруари 2025 година.

Член 2

Највисоките цени на производите од членот 1 од оваа одлука ќе се применуваат до 30 април 2025 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 50-1910/5 | Заменик на претседателот |
| 18 февруари 2025 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | **Љупчо Димовски,** с.р. |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**873.**

Врз основа на член 93 став (5) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20 и 3/25), министерот за образование и наука донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ПЕДАГОШКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Член 1

Во Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во основното училиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 28/20, 48/21, 42/22, 176/23 и 190/24), во член 19-а во ставот 2 зборовите „секој месец во текот на наставната година" се заменуваат со зборовите „секоја учебна година".

Член 2

Образецот бр. 12 се заменува со нов Образец бр. 12, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 18-3150/1 | Министерка за образование |
| 17 февруари 2025 година | и наука, |
| Скопје | проф. д-р **Весна Јаневска,** с.р. |